**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54(6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 10- 12
Скопје: 11.01.2022

**До**

**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

**Предмет: Одговор на барање на мислење за Предлог –Анекс Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје**

**Врска: Ваш допис бр. 13-1337/2 од 24.11.2021 година (Наш бр. 10-126 од 25.11.2021 година)**

Почитувани,

Во врска со Предлог –Анекс Договор бр.1, Комисијата за заштита на конкуренцијата во прилог Ви го доставува Мислењето бр. 10- 12 од 11.01.2022 година.

Со почит,

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**

Бр: 10- 12
Скопје: 11.01.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1337/2 од 24.11.2021 година (Наш број 10-126 од 25.11.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 11.01.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставеното Барање на мислење од страна на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1337/2 од 24.11.11.2021 година (Наш бр. 10-126 од 25.11.2021 година), во врска со содржината на Предлог-Анекс Договор бр. 1 кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје бр. 13-1593/1 од 07.12.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје врз основа на Решение бр. 10-50 од 16.07.2018 година, издадено од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје бр. 13-1593/1 од 07.12.2018 година Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје е обврзано да инвестира износ не помал од 4.750.000 евра во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци и да создаде најмалку 150 нови работни места при што ќе вработи најмалку 150 вработени до датумот на завршување. Доколку достигнатиот број на вработени е под бројот од 150, корисникот на државната помош има обврска во наредните 6 месеци да ги реализира договорените вработувања.

Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје со допис бр. 13-1337/1 од 23.11.2021 година поднело барање до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за одложување на рокот за креирање на работни места како и промена на датумот за поднесување на извештајот за оправдани инвестициски трошоци како последица од пандемијата со КОВИД-19. Со ова, Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје , не е во можност навремено да ги изврши преземените обврски кои произлегуваат од Договорот за доделување на државна помош бр. 13-1593/1 од 07.12.2018 година.

Врз основа на задолжение од Владата на Република Северна Македонија со бр. 40-6432/1 од 31.08.2021 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони подготви Предлог Анекс Договор бр. 1 кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје бр.13-1593/1 од 07.12.2018 година со кој рокот за креирање на работни места согласно Договорот за доделување на државна помош се продолжува за дополнителни 12 месеци, од рокот утврден во Договорот. Во врска со ова, со Предлог Анекс Договор бр. 1 се врши измена во член 6 став 6.1 и став 6.2 од Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје бр.13-1593/1 од 07.12.2018 година.

Исто така, со Предлог Анекс Договор бр.1 се врши и промена на датумот за поднесување на извештајот за оправдани инвестициски трошоци. Во врска со ова, со Предлог Анекс Договор бр. 1 се врши измена во член 5 став 5.2 од Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје бр. 13-1593/1 од 07.12.2018 година.

Дополнително, Комисијата за заштита на конкуренцијата е известена од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони дека Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје не е корисник на субвенции кои беа доделувани од страна на Владата за време на вонредната состојба предизвикана од КОВИД – 19 кризата.

Комисијата укажува дека во Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13), **не е регулиран периодот на инвестицискиот проект**. Оттука, Комисијата смета дека не е потребна интервенција во смисла на поништување или дополнување на постојното решение кое се однесува на оваа инвестиција.

Комисијата воедно укажува дека, согласно Член 6 од истата Уредба **инвестицијата мора да се одржува во период од најмалку пет години по нејзината целосна реализација**. Воедно, согласно Член 5 од Уредбата, давателот на државна помош е обврзан да води сметка максималниот интензитет на регионалната инвестициска помош да не го надмине износот од 50% од оправданите инвестициски трошоци.

Давателот на државна помош **има обврска** до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај согласно Законот за контрола на државната помош и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), на Образецот даден како Прилог III од горенаведената Уредба.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**